Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) Министерство за транспорт и врски, на ден __________ година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош" до Непроштено - фаза 1, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

**2.** Како органи засегнати од имплементација на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош" до Непроштено - фаза 1, се определуваат: Општина Тетово, Општина Теарце и Општина Желино, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. „Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски телекумуникации, А1, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на нова траса на обиколница на Тетово преку клучка „Требош" до Непроштено – фаза 1, нема значително влијание врз животната средина од следните причини: Изградбата на обиколница за Тетово преку клучката „Требош" до Непроштено, во рамките на предвидениот опфат користи постоечки пат кој делумно е асфалтиран, а делумно поминува по постоечки земјани патишта, и се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, социо-економски развој.

**4.** Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Бр. 07-247/7

02.03 2023 година

Скопје

Министер

Благој Бочварски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT • МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ • СКОПЈЕ · SHKUP